*Александар АТАНАСОВСКИ*
**УДК: 94:398.33 (495.02)**

# НОЌТА КАКО МОТИВ ВО ВИЗАНТИСКАТА ИСТОРИЈА И ПОЛИТИКА

***Кратка содржина***

*Според византиското мерење на времето, ноќта започнува од моментот кога заоѓа сонцето (зајдисонце) и трае до моментот кога сонцето изгрева (изгрејсонце). Тој период условно е поделен на неколку дела: квечерина или самрак; вечер, ноќ и зора (утрина). Според византиското сфаќање, ноќта е време за одмор од физичките активности и закрепнување на телото за наредниот ден. Но, ноќта има своја магична и мистична моќ за Византиецот, па поради тоа претставува омилена тема за многу писатели и историографи, кои обидувајќи се да им дадат поголемо религиозно значење на некои настани, нив ги поврзуваат со одделни привиденија или сонови на одделни историски личности. Тоа се воочува најмногу во житијната литература и во хрониките.*

*Поради обемниот материјал и ограничениот простор, во овој труд презентираме само дел од тие ноќни мотиви. Секако, започнуваме со првиот христијански владетел Константин I Велики, неговото привидение и сонот за Христовиот знак, сонот на неговата мајка за откривање на Светиот крст на кој бил распнат Исус Христос, а посочуваме и други такви појави за изградба на цркви и манастири или за пронаоѓање нечии свети мошти.*

*Во вториот дел од трудот наведуваме моменти од византиската политика во кои ноќта има посебно место. Тука, пред сè, станува збор за одделни мисии и за однесувањето на византиските мисионери во текот на ноќта, потоа одлуки на одделни војсководачи да се искористи ноќта како момент за извојување победа над непријателот или за ликвидирање некој узурпатор, непријател, па дури и симнување владетел од престолот.*

***Клучни зборови**: МОТИВОТ (ПОИМОТ) НОЌ, ВИЗАНТИСКА ИСТОРИЈА, ВИЗАНТИСКА ПОЛИТИКА, ИСТОРИОГРАФИЈА, ХАГИОГРАФИЈА, ЧУДА, ВЛАДЕТЕЛ*

Ноќните мотиви во византиската историја и политика имаат посебно важно место. Многу настани од секојдневниот живот на владетелите се поврзани со случки или појави што се одвивале ноќе. Тоа е така затоа што по прифаќањето на христијанството за државна религија, владетелот е претставен како Божји избраник и владее по Божјата промисла и сите негови активности се поврзуваат со Божјата

волја. За да може обичниот човек да го прифати сето тоа, авторите на житијата (биографиите) на владетелите вметнувале сижеа кои на еден или на друг начин ја покажувале поврзаноста на владетелот со Божјата промисла или со Бог и неговиот син Исус Христос. Токму затоа, неслучајно ноќниот мотив го среќаваме уште на самиот почеток во делата поврзани со животот на Константин I Велики и мајка му Елена. Во екот на борбата за обединување на Империјата, царевите Константин и Лициниј во 313 година во Милано го донеле познатиот Милански едикт[1] или познат уште како Едикт за црковна толеранција со кој им се дава рамноправност на сите религии, а со тоа и на христијанската. Новата верска политика не може да се објасни само со општите околности, туку и со промените што ги доживувал Константин на личен план. Имено, доживувајќи визија за крстот, Константин забрзано му приоѓа на христијанството. Во врска со тоа, Евсевиј од Цезареја пишува: „Додека царот се молел и тажно преколнувал, му се прикажа еден многу необичен Божји знак. Ако во некој случај некој друг ја раскажел оваа приказна, не би било лесно да се прифати, но бидејќи овој цар победоносец ја раскажа и ја потврди со заклетва – тогаш кога бевме удостоени да го запознаеме и со него да разговараме – пред нас кои го бележиме овој настан многу подоцна, кој би се сомневал во тоа и кој не би поверувал? Посебно затоа што и настаните што следувале ја потврдиле вистинитоста на неговата приказна! Рече дека негде околу пладне, кога денот веќе бил одминат, на небото, над сонцето со свои очи здогледал победнички знак – крст од светлина и дека на него биле испишани зборовите 'со ова победувај' /in hoc vince/. Поради овој знак, царот го опфатил страв и него и неговата војска, која го следела на некој пат и го видела чудото. Велеше дека бил во дилема како да ја сфати таа појава и дека додека така многу размислувал, паднала ноќ. Во сонот го видел знакот што му се појавил на небото и Христа Божји кој му наредил да направи предмет (грб) на лик на оној што го видел на небото, за да го штити во борбите против непријателите“.[2]

Охрабрен од таквиот Божји знак и Божјата наклонетост, Константин го победил Максенциј и го протерал таму кај што Тибар прави остар завој кај стариот Милвиски мост. Веднаш покрај стариот мост Максенциј направил нов – на понтони, преку кој ако има потреба да ја повлече војската без да ги растури редовите, а потоа можел да биде разурнат за да не го користат непријателите. Преку тој мост се повлекувала војската на Максенциј, која била следена од Константиновите војници. И војската, или поточно тоа што останало од неа, можела да се спаси ако инженерите на Максенциј предвреме не ги извадиле спојките на понтонскиот мост и војниците се удавиле во Тибар. Останатите се стрчале кон стариот мост, којшто бил претесен за да ги собере сите. Со нив бил и узурпаторот Максенциј. Многумина од нив паднале во водата, меѓу кои и Максенциј, неговото тело било пронајдено подоцна,

---

[1] За Миланскиот едикт види: Коев Т.,-Бакалов Г., Въведение във християнството, 57; Успенски Ф., Историја Византијског царства, т. 1, Београд, 2000, 79-80.

[2] Eusebii Pamphili, Vita Constantini et Panegyricus erque Constantini ad sanctorum coetum oratio. Lipsiae, Hermann Medelssohn MDCCCLXIX, I, 28.

кога водата го исфрлила на брегот.[3] Оваа битка го направила Константин владетел на целото Римско Царство од Атлантикот до Јадранот и од Хадријановиот ѕид до Атлас. Таа битка, исто така, била знак, ако не на неговото вистинско преобраќање во христијанство, тогаш барем момент кога се поставил како заштитник и покровител на своите христијански поданици. На христијанскиот клир му доделил повеќе привилегии. Почнал да гради цркви, не само во Рим туку насекаде во Царството. Во 325 година го свикал и Првиот вселенски собор во Никеја на кој бил утврден Симболот на верата.

Неговата мајка Елена, според преданието, го открила Чесниот крст. Тука повторно се среќаваме со ноќни мотиви. На Елена на сон ѝ се прикажало дека крстот се наоѓа во Ерусалим под некој храм на демони. Тогаш царицата заминала за Ерусалим и веднаш потоа Бог му го покажал на епископот местото на кое бил подигнат храм на демоните и статуа. Тогаш царицата ја употребила својата власт, собрала многу мајстори и работници и наредила храмот да се разурне до темел. Кога било направено тоа, се појавил гробот Божји и недалеку оттаму три крста закопани в земја. Кога внимателно ја пребарале околината, пронашле и клинци. Царицата ја обзела тага, бидејќи не знаела кој е вистинскиот крст на кој бил распнат Исус. Нејзината дилема ја разрешил епископот со верата. Тој на една болна жена од некоја угледна куќа, која сите ја напуштиле и тогаш била на умирање, ѝ ги принесувал крстовите еден по еден и така го пронашол вистинскиот. Кога сенката на Спасоносниот крст ја допрела болната, таа во истиот момент станала и гласно го славела Бога. Царицата тогаш со голема радост и со страв го подигнала крстот, па еден дел со клиновите го однела кај својот син, а потоа направила сребрен киворij и остатокот од крстот му го предала на епископот на градот за да го паметат сите поколенија. Издала наредба да се изгради црква на живототворниот гроб на света Голгота, во Витлеем, каде што Господ примил раѓање по тело и на Маслиновата гора, каде што Господ ги благословил своите ученици и потоа се вознел на небото. Откако направила уште многу добри дела, се вратила кај синот.[4]

До колкава мера оваа визија за крстот за која царот тврдел дека ја доживеал кај Милвискиот мост претставувала не само одлучувачка пресвртница во неговиот живот, туку, исто така, и во последична смисла вододелница на светската историја? За да се одговори на оваа прашање, неминовно се наметнува уште едно: што се случило навистина? Најстарата верзија на приказната доаѓа до нас преку нашиот втор извор за тој период, од христијанскиот научник Лактанциј, кој откако го преживеал прогонот, Константин го поставил некаде во тоа време за учител на својот син Крисп. Дали тој уште тогаш веќе бил член на царската свита не е толку важно, но значајно е тоа дека Лактанциј набрзо добил можност лично да го праша царот што се случило навистина. Го забележал следното, а го запишал тоа една-две

[3] Успенски Ф., Историја Византијског царства. Том. 1, 78-79; Dž. Dž. Norič, Vizantija rani vekovi. Sa engleskog preveo P. Urošević, Beograd 2009, 40-41.

[4] PG 87, 4061C-4064A, Спореди и: Жан-Клод Шене, Бернар Флизен Византија Историја и цивилизација. CLIO, Београд 2010, 243.

години по самиот настан: „На Константин му е речено во сон да нареди оној небески знак да биде нацртан на штитовите на неговите војници и така да ги испрати во борба.[5] Направил како што му било наредено, па на нивните штитови ја нацртал буквата X низ чијашто средина провлекол вертикална линија и ја завртел на горниот крај, па така ја добил буквата P провлечена низ средината на X, што претставувало број за Христа".[6]

За тоа понатаму нема ниту збор! Нема спомнување на визијата, туку само на сонот. Нема ниту напомена од овој вдахновен христијански писател дека Спасителот или крстот, воопшто, му се јавиле на Царот. Што се однесува до „небесниот знак", тој бил едноставно монограм составен од буквите X и P, првите две грчки букви од Христовото име, букви кои биле одамна познат симбол во христијанските записи.

Можеби уште позначаен факт е тоа што самиот Евсевиј не го споменува ниту сонот ниту визијата во својот опис на битката што го дава во „Црковната историја" (Ecclesiastical History), околу 325 година.[7] Само во своето дело „Животот на Константин", пишувано многу години по смртта на царот, ги напишал редовите што ги наведовме погоре и ги проширил со поцелосната верзија на Лактанцијевата приказна во која неведува како во ноќта по визијата Христос се јавил во сон пред царот и му наредил да направи грб на знамињата и штитовите налик на оној знак што го видел на небото и да го користи во сите битки како заштита од непријателите. Ова, вели Евсевиј, Константин го направил веднаш наредниот ден. Резултат на тоа, познат како лабарум, којшто се состоел од крст обликуван од копје украсено со злато, на чиј врв имало ловоров венец којшто го опкружувал светиот монограм. Кога Евсевиј го видел неколку години подоцна златниот портрет на царот и на неговите деца, бил прилично изненаден.

Од сето досега може да се заклучи дека таа визија за крстот над боиштето, таа визија чијшто опис без прекин го среќаваме на платната и фреските[8] во црквите и во уметничките галерии на Запад никогаш не се случила. Ако се случила, несфатливо е зошто за неа нема ниту едно сведоштво во која било историја од тоа време сè до „Животот на Константин". Самиот цар изгледа не зборува за тоа сè до времето пред смртта кога се сретнал со Евсевиј, дури ниту во тие пригоди кога од него можело да се очекува тоа. Набрзо откако умрел, гледаме како неговиот син Константин II, епископот Кирил Ерусалимски го уверувал дека видението на крстот, неодамна отцртано на небото од поминувањето на повеќе метеори, било дури повозвишен знак од самиот Чесен крст, кој го нашла неговата баба Елена во Светата земја – дали е можно епископот да заборавил да ја спомене визијата на Константин ако знаел за

---

[5] Lucii Caecilii Firmiani Lactantii, De mortibus persecutorum. Cum Notis Strphani Baluzii. Editio secundu, MDCXCIII, глава XLIV, стр. 96. (Натаму скратено: Laktancije, De Mortibus persecutorum)

[6] Laktancije, De Mortibus persecutorum, глава XLIV.96-97.

[7] Eusebii Pamphili, Historiae ecclesiasticae. Libri X, Lipsiae, Herman Mendelssohn, MDCCCLXVIII, 498-500.

[8] Постои фреска во манастирот Св. Јоаким Осоговски кај Крива Паланка, на тремот на надворе{ниот уид во третото кубе.

неа? Тука е посебното нагласување на Евсевиј дека „целата војска била сведок на тоа чудо“.[9] Ако е точно, тогаш 98.000 војници многу успешно ја зачувале тајната само за себе.

Од друга страна, пак, нема многу простор за сомневање дека во одреден момент, непосредно пред пресудната битка, царот да доживеал некое сериозно духовно искушение. Лактанциевиот широк извештај би можел навистина да биде вистинит, но ваквите искуства обично не се јавуваат во така лесно описливи појави како што се соновите. Постојат знаци дека Константин бил во состојба на сериозна несигурност откако две години порано наредил да се убие таткото на неговата жена – Максимилијан и дека сè повеќе бил наклонет кон монотеизмот. По 310 година, на неговите монети наместо старите римски богови, се наоѓа само еден бог – Хелиј, или како што бил познат Sol Invictus – Непобедливото сонце, за кое Константин, исто така, тврдел дека имал визија неколку години порано кога се борел во Галија. Сепак, и таа вера, сега најомилена и најраспространета во целото Царство, се чини не го задоволувала, па Евсевиј ни вели како на Константиновото патување во Италија, свесен дека наскоро му претстои одлучувачка битка во животот, битка од која зависела целата негова иднина, силно се молел да му се јави некое божествено откровение. Накратко, немало човек поподготвен од Константин да биде преобратен во текот на тоа доцна лето 312 година, и не изненадува многу тоа што неговите молитви биле исполнети.

Ако ја прифатиме оваа хипотеза, тогаш Евсевиевата приказна станува многу поразбирлива, бидејќи во таа светлина таа претставува помало искривување на вистината, а повеќе како несвесно претерување, а посебно по битката кај Милвискиот мост, Константин негувал многу развиени чувства дека тој има божествена мисија. Со текот на годините ова чувство ги потиснало сите останати. Времето во кое тој живеел дозволувало општо прифаќање чуда и небесни знаци, бил потребен само мал чекор да помисли дека би можел да има визија, а ако се имаат предвид околностите (условите), уверувањето дека визијата постоела биле лесни. Евсевиј бил последниот човек што би го подложил на вкрстено испитување, тој едноставно ја вклопил приказната за визијата и сонот во своето дело и на тој начин им дал материјал на неговите следбеници да го користат истиот мотив како „Божја промисла“ и со тоа на царската власт да ѝ дадат божјо потекло. Тоа сиже е преземено скоро целосно и од Теофан Конфесор.[10]

Сиже со ноќни мотиви среќаваме за време на многу пресудни походи на византиските владетели. На пример, Јустинијан, во моментите кога се двоумел дали да преземе поход против Вандалите во Северна Африка, тогаш кај него дошол некој источен епископ и му рекол дека сонувал дека Семоќниот му ја ветил својата помош во светата војна против аријанските Вандали.[11] Нормално, Јустинијан се повикал

---

[9] Eusebii Pamphili, Vita Constantini, 28.

[10] Theophanis, Chronographia. Ex recensione Ioannis Classeni. Volumen I. Bonnae, MDCCCXXXIX, 19 p11.

[11] Procopius, History of the wars, vol. II, translated by H. B. Dewing, London 1916, III, x, 18-21; Cf.

на тоа, ја охрабрил војската и ја испратил во Северна Африка, која успеала да го уништи Вандалското Кралство и да се врати како победничка.[12]

Слично нешто среќаваме и во расказите за Василиј I Македонец. За неговиот живот пред да стане цар многу малку се знае, но, најверојатно, потекнувал од сиромашно семејство и за да му се даде легитимитет на неговото владеење, вметната е една интересна епизода за неговото доаѓање во Константинопол. Приказната ни ја пренесува Симеон Магистер, еден од продолжувачите на Теофан. Во делот што зборува за Михаил и Теодора го дава и следново: „Тоа било во времето кога императорката Теодора царувала заедно со сина си Теофил. Приближно околу 840 година, еден млад човек, бедно облечен, но со висок раст, цврсто тело и загорена (потемнета) боја на лицето, коешто му придавало многу горд изглед, во еден прекрасен ден со торба преку рамо и стап во раката влегол во Константинопол преку Златната врата. Тоа било во недела навечер. Патникот, изморен и потонат во прашина, се насочил за пренокиште под портикот на блиската црква 'Св. Диомит', каде што веднаш длабоко заспал. Истата ноќ управникот на манастирот на којшто му припаѓала црквата, Никола, наеднаш се разбудил од сон и слушнал глас, кој му рекол: 'Стани и отвори му ја на Императорот црквата!' Монахот го послушал гласот, но кога не нашол во дворот никого освен некојси несреќник, покриен со партали, заспан под портикот на црквата, си помислил дека му се присторило нешто и се вратил и пак заспал. Тогаш гласот го разбудил повторно и ја повторил истата наредба. Но, кога станал од леглото и не нашол никого освен истиот парталко, монахот повторно се вратил во ќелијата. Сред тишината се слушнал глас по трет пат веќе многу посилен, за да не помисли пак дека е сон, игуменот добил силен таинствен удар од тупаница во слабината. 'Стани, наредил гласот, и дозволи му на оној што спие пред вратата да влезе. Тоа е императорот'. Целиот растреперен од страв, светиот отец отишол и го разбудил непознатиот од сонот. Што ќе заповедаш на твојот слуга? Монахот му рекол да го следи, го нахранил, утредента го натерал да се избања, го облекол во нови алишта и бидејќи избезумениот патник не разбрал зошто го опсипува со внимание, монахот му ја открил доверливо тајната за неговата идна судбина и го замолил отсега натаму да му биде другар и брат".[13]

Во оваа приказна може да веруваме или да ја отфрлиме. Можеби приказната настанала како легенда, но таа е многу често споменувана во подоцнежните години на Василиј, што укажува на неговата потреба да го оправда своето искачување на престолот. Сижето на приказната подоцна било искористено од внукот на Василиј, Константин VII Порфирогенит. За да докаже дека неговиот дедо Василиј имал

Мутафчиев П., Лекции по истори® на ВизантиÔ. I. СофиÔ 1995, 164: Dž. Dž. Norič, Vizantija rani vekovi, 187.

[12] За војната види: Острогорски Г., Историја Византија. Београд 1969, 89; Dž. Dž. Norič, Vizantija rani vekovi, 187-190; Bury B., History of the Later Roman Empire, vol. II, 124-139.

[13] Symeonis Magistri. Annales-Theophanes continuatus. Bonnae. Impensis ed. Weberi MDCCCXXXVIII. 655-656. Спореди и: Шарл Дил, Невероятните приключения на Василий I Македонец. Во книгата: Шарл Дил-Алфред Рамбо, Византия, София 1992, 87.

благородничко потекло, направил фалсификат биографија во која го поврзува со Константин Велики, а оттаму, исто така, и со Александар Велики. Од друга страна, иако бил роден во некое сиромашно селско семејство во Тракија, во темата Македонија, Константин го поврзал со родот на ерменската царска династија Арсакиди.[14] Овде немаме цел да се задржуваме на неговото потекло. За нас е битна приказната дека неговата судбина, поточно тоа дека ќе стане цар, му се прикажало на монах-игумен на манастир, што колку и да изгледа случајно, сепак, сметаме дека е добро осмислено. Монасите, игумените и останатите црковни лица во Византија уживале голема почит и доверба, што и да кажеле се прифаќало како вистинито. Токму затоа е избрано такво лице коешто ја раскажало приказната сè со цел да се оправда насилното доаѓање на Василиј на престолот и тоа да се прикаже дека така сакал Бог. Бог, кој се грижи за душите и спасението на луѓето, им го испратил сиромавиот селанец од Тракија за да им стане цар и да управува со државата. Подоцна кога сонот на игуменот не бил доволен за да се зголеми авторитетот на владетелот и светоста на династијата, најучениот претставник на династијата, Константин Порфирогенит, ја измислил биографијата и ја поврзал династијата со првиот христијански владетел Константин Велики и со најмоќниот владетел од антиката Александар Велики.[15]

Сето ова може да биде сфатено само ако се има предвид византиската политичка идеологија и концепција дека Византија и нејзините жители Ромеите се Богоизбран сосед. Таа концепција е проткаена вешто во секојдневниот живот на Ромеите преку концепцијата за идеалниот управител, спасител на Империјата, што претставува „последна утопија на античкиот свет“. Во Византија таа концепција е доразвиена и претставена во форма на единствен владетел „император“ кој стои највисоко од сите останати владетели.

Римската Империја, според византиските историски претстави, не била онаа старата Империја, обвиткана во древност и грешност, туку една нова држава во која христијанството и неговото учење ја создале новата духовна содржина и насоченост.[16]

На начин достоен за восхит и воодушевување, Божјата промисла ги уредила светските поредоци така што новата Империја се претвори во „избран сосед“ за распространување на христијанското слово и за спасение на човечкиот род. Уште од времето на Октавијан Август вселената била обединета, со други зборови била изградена општочовечка заедница во која ќе се роди Богочовекот и каде што ќе се распространи Неговото учење. Постоењето на таа заедница се потпомага и од

---

[14] Theophanes Continuatus. Bonnae, MDCCCXXXVIII, Libri V, 215-216.

[15] Исто, 216. Спореди и: Тъпкова-Заимова В., Пенджекова Р., Византия през погледа на съвременниците ѝ. Пловдив 2002, 103-106. За потеклото види и: Васильев А., Происхожденіе императора Василія Македонянина. Византійскій Временникъ. Томъ XII, Санктпетербургъ 1906, 133-148: Коледаров П., Името Македония в историческата география. София 1972, 59.

[16] A. Heisenberg, Staat u .Gesellschaft des byzantinischen Reiches. Leipzig-Berlin, 1923, 364.

постоењето на еден јазик разбирлив за сите, кој ќе го олесни брзото распространување на христијанството.[17]

Тоа премудро дејание на Божјата промисла започнува да се разгледува од времето на Константин Велики.[18] Оттогаш наваму човештвото гледа како редот предвиден од Божјата промисла станува реалност, се гради новата Римска Империја во која сожителствуваат христијанската вера, христијанскиот закон, духовното наследство на елинизмот, римското право и римската државна организација.[19]

Новата Империја има за задача да ги одбие варварите, да го чува мирот, да наложува сеопшта справедливост и единство на догмата, да го распространува христијанството меѓу варварите за да создаде „едно паство со еден овчар".[20] Тоа е новиот христијанско-римски поглед на свет, кој истовремено осигурува законска основа на сите претензии на Империјата за светско господство.[21] За да биде сето тоа прифатено од обичните луѓе, морало да се претстави дека византиската држава и византискиот император се заштитени од Бога.

За илустрација ќе го наведеме примерот од војната на Византија со хунскиот водач Атила. Византиската победа над него и неговата смрт се претставени како Божја казна затоа што се дрзнал да војува со христијанската држава. Според обичаите, како што раскажува Приск, Атила при крајот на својот живот склучил брак со една многу убава девојка по име Илдиго (според некои специјално испратена од Византија за да го убие Атила). Вечерта на веселбата Атила испил многу вино и во текот на ноќта умрел. Невестата многу плачела за несреќата што ја снашла.[22] Тогаш се случило и следното чудо: „Бог му се јавил на сон на источниот император Маркијан (450-457), кој немал спокојство поради толку опасниот непријател, и му соопштил дека во текот на таа ноќ е скршен лакот на Атила, оружје со кое самото племе многу се гордеело. Историчарот Приск вели дека тој го тврди тоа врз основа на сигурни податоци. Навистина, Атила бил страшен до толкав степен за големите држави што небото ги известило владетелите за неговата смрт како дар".[23]

Нешто слично се навестува и во еден расказ во Чудата на св. Димитриј Солунски за една од словенските опсади на Солун, само што во тој расказ, не Бог

---

[17] E. Peterson, Der Monotheismus als politisches problem. Leipzig 1935, 66; 81.

[18] Εὐσέβιος, Βίος II, 19,(48.13 I.Heikel): Eusebii Pamphili, Vita Constantini et Panegyricus. Lipsiae MDCCCLXIX, II, 63.

[19] F. Dölger, Bulgarisches zartum und byzantinisches kaisertum.-In: Byzanz und die europäische staatenwelb. Ettal 1953, 141.

[20] Според Евангелието на Јован (10:16), "имам и други овци, кои не се од оваа трло, и тие треба да ги приберам; и ќе го чујат гласот Мој и ќе биде едно стадо и еден пастир".- Свето писмо (Библија), Скопје 1990, Новиот завет, стр.119.

[21] Й. Е. Караянопулос, Политическата теория...,12.

[22] Priscus, fr. 24 p. 316 (The Fragmentary Classicising Historians of the Later Roman Empire. Text, Translation and Historiographical Notes by R. C. Blockley, Liverpool 1983.)

[23] Priscus, fr. 24 p. 316; Iordanes, Getica, 49, 255-256. rec. T. Mommsen, Berolini MDCCCLXXXII; Извори за бхлгарската история-II -Латински извори за бхлгарската история, I. София, 1958, 354-355.

или ангел Божји, туку самиот св. Димитриј, заштитникот на Солун, ноќе направил чудо со цел да ги задржи граѓаните будни и да не им дозволат на варварите ноќе изненадно да го нападнат Солун. Во врска со тоа, еве што вели: „Изненадно, во понеделник, на празникот, на полноќ се запалил неговиот сребрен киворij и тоа по желба на победникот, поточно маченикот. Сето тоа било со цел насобраниот народ што го угасил огнот и го спречил пожарот да не се разотиде по домовите, туку да остане во црквата. Грижата на маченикот се состоела во тоа градот да не биде во текот на ноќта изложен на каква било опасност без негово знаење“.[24]

Мотиви за дејствување на Божјата промисла преку чудни појави во сонот на одделни личности најмногу среќаваме во хагиографијата. Житијата на одделни светци изобилуваат со такви „ноќни“ мотиви. Во интерес на просторот, ќе посочиме само неколку.

Најпочитуваниот сесловенски просветител и учител Константин-Кирил Филозоф, кога имал седум години, сонил сон што им го раскажал на своите родители, велејќи им: „Стратегот ги собра сите девојки од нашиот град и ми рече: ’Одбери си една врсничка од нив, која сакаш, за сопруга и помошничка‘. А јас, откако ги погледнав и ги разгледав сите, видов една најубава од сите, со светло лице, мошне украсено со златни ѓердани и бисери и со секаков накит. Името ѝ беше Софија, т.е. Премудрост. Ја одбрав неа“. Кога ги слушнаа овие зборови, неговите родители му рекоа: „Синко, пази ја заповедта на татка си и не отфрлај ја поуката на мајката своја, зашто заповедта е светилник и светлина на законот“. На Премудроста, пак, кажи ѝ: ’Биди ми сестра‘, а мудроста направи ја своја роднина. Зашто Премудроста свети повеќе од сонцето и ако ја земеш неа за сопруга, со неа ќе се спасиш од многу зла“.[25] Со вметнувањето на мотивот за сонот, авторот сакал да потенцира дека луѓето уште од најрана возраст се предодредени за одделни работи и затоа посебно такви дејци како што е Кирил Филозов треба да бидат почитувани и да се глада на нивната дејност како на Божја предодреденост.

Сонот како мотив особено често се користи и во житијата на св. Гаврил Лесновски, св. Прохор Пчињски, св. Јоаким Осоговски, па и св. Иван Рилски.

Во житието на св. Гаврил Лесновски тој мотив го среќаваме на три места. Прв пат е даден кога Гаврил побарал од родителите да го пуштат да си замине од дома. Тие го пуштиле, одејќи по пат, најде некој ѓакон по име Тома. Откако се целиваа со братски целив, тие седнаа на патот и долго разговараа, па малку задремаа. На сон му се јави ангел Господен и му рече на светиот: „Стани и оди во Осичко Поле на местото што ќе ти го покажам јас и таму изгради храм на Рождество на пресвета Богородица“. Светецот се разбуди од сонот и се врати кај родителите и им раскажа

[24] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава. Том 1. Скопје 1981, 23-24; Жан-Клод Шене-Бернар Флизен, Византија, историја и цивилизација. Београд, 2010, 77-78.

[25] Добрила Миловска – Јован Таковски, Македонската житијна литература IX-XVIII век. Скопје 1996, 72;

за својот сон. А родителите му дадоа имот, доволен за секоја потреба и тој подигна храм на посоченото место со сите украси.[26]

Потоа св. Гаврил отишол во Лесновскиот манастир, па оттаму во една пештера, во која се упокоил. Од тамошните браќа никој не знаеше за малата пештера во која почиваат моштите на светецот. Ги обзеде голем ужас и мисла и не го најдоа. Тие мислеа дека се преселил во некое далечно место. По не многу дни, преподобниот се јави во градот Средец на некој монах, по име Јосиф, по потекло Русин. Мислеше да не е некаква измама ова видение. Другата ноќ пак му се јави преподобниот и му рече на Јосифа: „Послушај и појди на Облов Врв и таму ќе ги најдеш моштите што треба да ги пренесеш во Лесновскиот манастир". Монахот се исплаши многу и пак таеше. Третата ноќ пак му се јави светецот и му рече: „Ова што ти го кажав од Бога е кажано". Монахот веднаш стана, отиде при митрополитот и му раскажа за неговото видение. Митрополитот се распрашал кај луѓето дали има такво место во неговата епархија, потоа напишал писмо на околните епископи и ги праша каде и во кој предел или држава се наоѓа Облов Врв. Писмото дојде и до епископот во Злетово. Тој му напишал дека 'во нашата епархија има Облов Врв'. Така митрополитот бил известен и моштите на светецот биле пронајдени и пренесени во Лесновскиот манастир.[27] Третиот случај на употреба на сонот како мотив во житието на св. Гаврил Лесновски е во случајот кога авторот раскажува за нередите во времето на бугарскиот владетел Михаил и борбите со Мавраган. По неколку неуспешни обиди да го ликвидира Мавраган, кнезот Михаил се помолил на Бога и на преподобниот отец Гаврил и по молитвата заспал. На сон му се јави свети преподобен Гаврил и му рече: „Стани, Михаиле, и оди во Злетово оваа ноќ и земи два воина со копја. Појди во Ратковица и убиј го Маврагана. Не бој се, јас сум со тебе". Кога се разбудил Михаил од сонот, веднаш им нареди на војниците и отидоа во Злетово. Беше ноќе, 6 часот, дојдоа во палатата на Мавраган и никој не ги забележа, поради Божјата заштита: „Очи имаа и не гледаа, уши имаа и не слушаа"! Тие тропнаа на вратата каде што спиеше Мавраган и вратата се отвори со силата Божја и влегоа Михаил и неговите два воина. Михаил го употреби копјето и пак се исплаши. Но, ненадејно застана зад него преподобниот отец Гаврил, ја фати раката на кнезот и го прободе Мавраган.[28]

Во житието на св. Прохор Пчињски, пак, првин е дадено претскажувањето што му го кажал светецот на Диоген, кој бил на лов во тие предели и кој гонејќи една срна, се сретнал со преподобниот во една пештера. Тогаш св. Прохор му рекол: „Диогене, речено е да идеш во Цариград и да бидеш цар, но кога ќе се искачиш на престолот, спомни си за мене, старецот, за дарот, претскажа за тебе".[29] Диоген го

[26] Миловска Д.,- Таковски Ј., Македонската житијна литература, 110.

[27] Иванов Й., Български старини из Македония. Фототипно издание. София, 1970, 398; Миловска Д.,- Таковски Ј., Македонската житијна литература, 111.

[28] Иванов Й., Български старини из Македония, 399; Миловска Д.,- Таковски Ј., Македонската житијна литература, 112-113.

[29] Иванов Й., Български старини из Македония, 402; Миловска Д.,- Таковски Ј., Македонската

послушал и се вратил во Цариград, таму видел многу народ, собран да избере цар и Диоген се скри на едно место... Патријархот застана на едно високо место. Свети Прохор на сон му откри на патријархот дека Диоген сака да биде цар. Патријархот го побара и не го најде и фрлија ждрепка на Диоген. Така Диоген станал император и го заборавил светецот.[30]

По некое време Прохор се упокоил и телото му останало нераспадливо и светецот му се јавил на Диоген и му рекол на царот: „Си ја заборавил својата облека и мене старецот што ти кажа пророштво". Следниот ден Диоген на својата колесница со патријархот и со многубројна придружба замина да го бара светиот старец. Откако не го нашле на местото, царот помислувал да се врати назад, светецот му се јавил ноќе и му рече: „Е Царе, Диогене, побарај ме во внатрешноста на пустината и ќе ме најдеш". Царот навлегол длабоко во пустината и таму во пештерата го најде телото на старецот. Царот и патријархот паднаа пред моштите на светецот и му се поклонија. Ти ги зедоа неговите свети мошти и ги однесоа на реката Пчиња. Царот сакаше да ги однесе во својот манастир што го изгради во негово име, но ковчегот со моштите стана неподвижен. И пак на сон му се јави на царот: „Немој да ме носиш одовде". Утрото стана царот и на тоа место изгради прекрасна обител (манастир) во името на свети Прохор.[31]

Од посоченото во житието може да се извлечат два заклучока. Првиот е да се покаже Божјата предодреденост на Диоген да стане цар и да се оправда неговото издигнување на престолот. Второто е пронаоѓањето на моштите на светецот и нивното донесување на местото каде што требало да се подигне манастир посветен на неговото име.

Во житието на св. Јоаким Осоговски на повеќе места е употребен мотивот „сон", поврзан со животот и дејноста на светецот. Првиот пат мотивот е употребен во врска со свештеникот Теодор, кој по смртта на својата сопруга решил животот да го помине во пост и молитви и дошол на местото каде што своевремено престојувал Јоаким. Една ноќ, на сон му се јавил свети Јоаким и му рекол: „Каде одиш поп Тодоре"? Тој му одговорил: „Одам во Сарандапор при светиот отец, за да живеам при него". Свети Јоаким му рекол: „На добро место одиш и добар старец си нашол. Јас живеам таму каде што ќе бидеш ти".[32] Вториот пат е кога истиот Теодор се потстригол и се нарекол монах Теофан и сакал да изгради црква. Теофан поканил игумени и калуѓери од други манастири, сите заедно служеле света литургија во новоизградената манастирска црква. Не минало многу време, една ноќ свети Јоаким му се јавил на сон на игуменот и му рекол: „Извади ме од гробот! Извади ме од оваа

житијна литература, 114.

[30] Иванов Й., Български старини из Македония, 403; Миловска Д.,- Таковски Ј., Македонската житијна литература, 114-15.

[31] Иванов Й., Български старини из Македония, 493-494; Миловска Д.,- Таковски Ј., Македонската житијна литература, 115.

[32] Иванов Й., Български старини из Македония, 410; Миловска Д.,- Таковски Ј., Македонската житијна литература, 118.

темница во која стојат моите мошти веќе педесет години". Игуменот му одговорил: „Не смеам, отче, од болјарите. Ако сакаш ќе ги повикам, па тие нека те извадат". Свети Јоаким му одговорил: „Ако сакав болјарите да ми ги извадат моштите, немаше тебе да те доведам од Овче Поле. На сон светецот му го покажа местото и дрвото. Таму видел три кладенци. Идната ноќ светителот пак му се јавил и повторно му рекол: „Зошто не го направи она што ти нарачав?". Игуменот му одговорил: „Одев отче, но не можев да ги најдам местото и дрвото". Свети Јоаким му одговорил: „Ти цел ден беше околу тоа дрво. Дојди со мене". Кога стигнале на тоа место, Јоаким му рекол: „Земи друго дрво и стави го до тоа дрво, за да можеш лесно да го познаеш". Отецот Теофан сторил така. Утредента кога се разбудил, отишол во планината да ги бара местото и дрвото. И навистина нашол дебел и висок даб, до кој било ставено друго дрво. Направил ковчег, ги извадил моштите и ги ставил во ковчегот.[33]

Во другите случаи, мотивот на сон е употребен за да се докаже исцелувачката моќ на светецот. Тој се јавува на сон на одредени личности и им порачува да донесат дарови во манастирот за здравје и откако ќе го направат тоа, потоа оздравуваат. Или, пак, му се јавува на игуменот за да го предупреди за нередите што претстојат или, пак, да го укори за тоа што не ги држи монасите во строгост.[34]

[33] Иванов Й., Български старини из Македони®, 411; Миловска Д.,- Таковски Ј., Македонската житијна литература,119

[34] Поопширно види: Миловска Д.,- Таковски Ј., Македонската житијна литература, 120-123.

*Литература*

Василъев А., Происхожденіе императора Василія Македонянина. Византійскій Временникх. Томх XII, Санктпетербургх 1906.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава. Том 1. Скопје 1981

Dölger F., Bulgarisches zartum und byzantinisches kaisertum.-In: Byzanz und die europäische staatenwelb. Ettal 1953.

Дил Шарл, Невероятните приключения на Василий I Македонец. Во книгата: Шарл Дил-Алфред Рамбо, Византия, София 1992.

Eusebii Pamphili, Vita Constantini et Panegyricus erque Constantini ad sanctorum coetum oratio. Lipsiae, Hermann Medelssohn MDCCCLXIX, I.

Eusebii Pamphili, Vita Constantini et Panegyricus. Lipsiae MDCCCLXIX, II

Eusebii Pamphili, Historiae ecclesiasticae. Libri X, Lipsiae, Herman Mendelssohn, MDCCCLXVIII

Heisenberg A., Staat u .Gesellschaft des byzantinischen Reiches. Leipzig-Berlin, 1923.

Иванов Й., Бхлгарски старини из Македония. Фототипно издание. София, 1970.

Извори за българската история-II -Латински извори за българската история, I. София, 1958.

Коледаров П., Името Македония в историческата география. София 1972.

Lucii Caecilii Firmiani Lactantii, De mortibus persecutorum. Cum Notis Strphani Baluzii. Editio secundu, MDCXCIII

Миловска Добрила - Таковски Јован, Македонската житијна литература IX-XVIII век. Скопје 1996.

Мутафчиев П., Лекции по история на Византия. I. София 1995.

Norič Dž. Dž., Vizantija rani vekovi. Sa engleskog preveo P. Urošević, Beograd 2009

Острогорски Г., Историја Византија. Београд 1969.

Peterson E., Der Monotheismus als politisches problem. Leipzig 1935.

Priscus, fr. 24 (The Fragmentary Classicising Historians of the Later Roman Empire. Text, Translation and Historiographical Notes by R. C. Blockley, Liverpool 1983.)

Procopius, History of the wars, vol. II, translated by H. B. dewing, London 1916, III.

Свето Писмо (Библија), Скопје 1990

Symeonis Magistri. Annales-Theophanes continuatus. Bonnae. Impensis ed. Weberi MDCCCXXXVIII.

Theophanes Continuatus. Bonnae, MDCCCXXXVIII, Libri V

Theophanis, Chronographia. Ex recensione Ioannis Classeni. Volumen I. Bonnae, MDCCCXXXIX.

Тъпкова-Заимова В., Пенджекова Р., Византия през погледа на съвремениците ѝ. Пловдив 2002.

Тъпкова-Заимова, В., Димитров Д., Павлов П., Византия и византийският свят. София 2011.

Успенски Ф., Историја Византијског царства, т. 1, Београд, 2000.

Шене Жан-Клод, Флизен Бернар, Византија. Историја и цивилизација. CLIO, Београд 2010.

*Aleksandar ATANASOVSKI*

# THE NIGHT AS A MOTIVE IN BYZANTINE HISTORY AND POLITICS

***Summary***

*According to the Byzantine time measurement, night starts at the moment when the sun sets and lasts until the moment when the sun rises. Basically, this period has been divided into several parts: dusk or twilight; evening, night and dawn (morning). According to Byzantine beliefs, night time is reserved for rest from the physical activities as well as for body recovering for the next day. Night also has a magical and mystic power for Byzantines and is often a favorite topic among a great number of writers and historiographers who tried to attach larger religious significance to certain events and relate them to individual illusions and dreams of some historical figures. This is most evident in biographies and chronicles from that period.*

*Due to the limited space and the voluminous historical material, this article presents only a part of the night motives previously mentioned. Naturally, let us start off with the first Byzantine emperor Constantine the Great, his illusions snd dreams about the Christian sign (symbol) and the dream about his mother discovering the Holy Cross on which Jesus was crucified. We wail also try to point out other such events concerning the construction of churches and monasteries as well as the discoveries of holy relics.*

*In the second part of this article, we will point out a segment of Byzantines politics in which the night has a special place. Here, above all, we should discuss certain missions and the behavior of Byzantines missioners during the night, as well as certain military commanders' decisions to used the night as a moment for achieving victory against enemies or eliminating an usurper, a tyrant, or even overthrowing the ruler off the throne.*

***Key words:*** *THE MOTIF (NOTION) NIGHT, BYZANTINE POLITICS, HISTORIOGRAPHY, HAGIOGRAPHY, MIRACLES, RULER.*